Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и „Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 19 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21, 30/23 и 05/25), Советот на Општина Берово на 13-тата седница одржана на 18.06.2026 година, донесе:

# О Д Л У К А

## За утврдување на висината на надоместокот за закуп на тезги и штандови за саемот МАЛЕШЕВИЈАТА НА ДЛАНКА и за ЕТНО ПЛОШТАД ФЕСТИВАЛОТ 2026 година

Член 1

Манифестацијата ЕТНО ПЛОШТАД ФЕСТИВАЛ 2026 година и САЕМОТ МАЛЕШЕВИЈАТА НА ДЛАНКА ќе се одржи во периодот од 27.08.2026 година до 29.08.2026
година.

Член 2

Висината на надоместокот за закуп на тезга, закуп на штанд и сл. за овие денови е утврдена на следниот начин:

- Закуп на тезга за изложување на производи од домашно производство и рачно изработени ракотворби и локации за поставување на штандови за хуманитарни цели – **0 денари**
- Закуп на штанд со локација број 1 –почетна цена **60.000,оо денари**
- Закуп на штанд со локација број 2 - почетна цена **60.000,оо денари**
- Закуп на штанд со локација број 3 - почетна цена **35.000,оо денари**
- Закуп на штанд со локација број 4 - почетна цена **30.000,оо денари**
- Закуп на локација (воз, трамболина и сл.) со дозволена површина на користење до 6м$^2$ (локација со број 5) **- 15.000,оо денари**
- Закуп на штанд од страна на други правни лица – други изложувачи, со дозволена површина на користење до 6 м$^2$ (локации со број 6,7 и други локации определени со Графичкиот приказ) **– 2.000,оо денари за м$^2$**
- Закуп на штанд на Државна Лотарија на Македонија со дозволена површина на користење до 8м$^2$ (локација со бр.8) ‾ **8.000,оо денари**
- Закуп на тезги за скарации со дозволена површина на користење до 70м$^2$ (локации со бр.9,10,11,12,13,14) **- 30.000,оо денари**

Прилог на оваа Одлука е и Графички приказ од наведените локации.

Член 3

За закуп на штандови на локации, од член 2, определени како Локација со број 1,2,3 и 4, општина Берово ќе спроведе Јавен повик. Почетната цена за закуп на секој од трите локации е утврдена со оваа Одлука.

Локацијата ќе се додели на понудувачот што ќе понуди највисока цена, не пониска од првично определената почетна цена.

Постапката за Јавниот повик, критериумите и начинот на поднесување на понуди, ќе бидат утврдени со посебен повик кој го распишува општината.

Доколку за истата локација, двајца или повеќе понудувачи имаат понудено иста цена, ќе се применува принципот на „Прв дојден, прв услужен".

За останатите локации од член 2, ќе се применува принципот „Прв дојден, прв услужен".

Член 4

Износот на висината на надоместокот се однесува само на периодот од 27-29 Август 2026 година, а просторот за користење ќе биде означен за секоја тезга или штанд посебно.

Член 5

Висината на средствата од член 2, лицата се должни да ги уплатат на име на Општина Берово, трезорска сметка 100000000063095, сметка на буџетски корисник 702014000263012, приходно конто 723913, програма 00, со назнака „уплата за користење на тезга/штанд".

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-2666/1
18.06.2026 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Владко Шахпаски